Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Бр.УП 11-1213

08.10.2019 година

Скопје

Врз основа на барање за потврдување на јавен интерес за дадена донација од Пакомак ДОО Скопје, а во врска со член 21 став 6 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.47/06, 86/08, 51/11 , 28/14 и 153/15) министерот за правда донесе

# РЕШЕНИЕ

Донацијата во материјални добра во вредност од 86.942,00 денари на Општина Велес дадена од Пакомак ДОО Скопје, **СЕ ПОТВРДУВА како донација од јавен интерес во областа на заштита на животната средина.**

## Образложение

До Министерството за правда согласно член 21 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности доставено е барање за издавање на решение со кое се бара потврдување на јавниот интерес на донацијата на Општина Велес дадена од Пакомак ДОО Скопје.

Кон барањето е приложен договорот за донација склучен помеѓу Пакомак ДОО Скопје, претставувано од управител Филип Ивановски, како дavател и Општина Велес , претставувано од Градоначалник Аце Коцевскикако примател, чиј предмет на донирање се материјални добра 10 пластични жолти контејнери од 1,1 м3 за собирање на пластичен отпад од пакување во вредност од 86.942,00 денари, наменети заштита и унапредување на животната средина .

Предметниот договор е во согласност со членот 10 став 2 од законот, според кој "Предметот на донацијата и спонзорството мора да е во согласност со дејноста на примателот на донацијата и спонзорството", како и членот 11 став 2 од законот според кој "Донација се дава на примателот на донација за имплементирање на јавен интерес од определена јавна дејност дефинирана во договорот за донација".

Министерството за правда согласно член 21 став 4 од законот, побара мислење од надлежниот орган Министерството за животна средина и просторно планирање, како основа за решавање по барањето.

Министерството за животна средина и просторно планирање со мислење бр.02-4985/2 од 02.10.2019 година смета дека донацијата е од јавен интерес.

Врз основа на изнесеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА

д-р Рената Дескоска

Подготвил: Никола Бабановски, советник

Контролирал:Мира Димишковска, рако. на одделение

Одобрил: Санела Хасиќ, државен советник